## ЗДРАВСТВЕНАТА МРЕЖА ГИ ПОКАЖА СВОИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

# Уредба по мера на државата

**Вака како што се поставени работите во уредбата, вработувањата на нови лекари се комплетно блокирани бидејќи Владата одлучува кој лекар кога и каде ќе се вработи, тврдат од Здружението на приватни лекари**

» Менче АТАНАСОВА-ТОЧИ



Многу матични лекари ќе останат без работа, а илјадници пациенти без здравствена заштита доколку Министерството за здравство не ја смени уредбата на мрежата на здравствени услуги, тврдат за „Ден" од Здружението на приватни лекари. Здружението веќе подготвува иницијатива за промена на уредбата, а ќе бараат и концесија во примарно ниво на здравствена заштита воопшто да не постои. Од Здружението велат дека вака како што се поставени работите во уредбата, вработувањата нови лекари се комплетно блокирани бидејќи Владата одлучува кој лекар кога и каде да ќе работи. Сопствениците на ординациите сметаат дека тоа треба да биде интерно право на здравствените установи бидејќи тие самите се грижат за сопствениот развој и напредок.

- На нас ни ја покажаа првичната верзија на уредбата, каде што концесијата не беше предвидена и ние се согласивме со нејзиното донесување. Одеднаш работите се сменија преку ноќ и концесијата беше вметната во документот - изјави за „Ден" Лилија Чолакова- Дервишова, претседателката на Здружението на приватни лекари.

Здравствената мрежа, која беше донесена во мај годинава, веќе ги покажа своите недостатоци. Во Ново Село 12.000 пациенти, осигуреници на Фондот за здравство, остануваат без здравствена услуга бидејќи матичниот лекар, кој е носител на закуп во ординацијата, заминува во пензија. Лекарот што работи во истата ординација, според уредбата, нема право да продолжи со работа, туку треба да бара дозвола за нова концесија. Но, договори за нови концесии ќе има дури идната година, а за тоа време и пациентите остануваат без матичен лекар. Но, бидејќи концесија ќе се добива по пат на лицитација, постои опасност и да ја загуби, односно да ја добие некој друг, велат лекарите.

- Јас со мојот тим, медицинската сестра, останувам без работа бидејќи лекарката која е носител на закуп заминува во пензија. Гледам дека има конкурс за нови концесии, но договорите ќе се склучуваат дури во 2013 година. Ќе се најде ли некое решение за нас што имаме договор за оваа година - прашува доктор Марина Цветаноска.

Ова и многу слични прашања и жалби може да се видат на вебсајтот на Здружението, а од таму велат дека на нивна адреса секојдневно пристигнуваат нови прашања кои тие потоа ги препраќаат до Министерството за здравство.

- Ние разговаравме за овие проблеми со министерот Тодоров, но очигледно нема расположение нешто да се смени. Сè уште чекаме на одговор и затоа го замолуваме министерот Тодоров побрзо да одговара на нашите барања и прашања, како што тоа го прави Фондот за здравствено осигурување, од каде што одговор добиваме за три до пет дена и со нив имаме одлична соработка - изјави Чолакова-Дервишова.

На предлог-уредбата уште на почетокот реагираше Лекарската комора со образложение дека треба сериозна и квалитетна преработка бидејќи станува збор за многу значаен документ од кој ќе произлезат идните потреби за вработувања, концесии и развој на одредени сегменти од здравствениот систем. Тие бараа здравствените власти да ги вклучат во изготвувањето на овој важен документ.

Покрај другите недостатоци и слабости, од Комората особено потенцираа дека демографскиот норматив на мрежата со еден лекар и медицинска сестра на 1.000 жители е несоодветен бидејќи граѓаните сами ја направиле демографската карта избирајќи си матичен лекар, но и дека нормативот за ПЗЗ е ограничувачки и спротивен на Правилникот за избор на лекар. Стручњаците сметаат дека оптовареноста со медицински тимови треба да се разликува бидејќи истите услови не може да важат за рурално и за урбано подрачје.